**20221171563**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 17 мај 2022 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.28/22, 56/22, 69/22 и 88/22) во членот 2 став (2) во табелата во подмерка 1.1. во делот „Поблиски критериуми и Висината на директни плаќања" во алинејата 3 по точката и запирката се додава нова реченица која гласи: „За директните плаќања за сончоглед задолжително е оствареното производство да е предадено во преработувачки капацитети или преработено во сопствениот преработувачки капацитет, а запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.".

Во подмерката 1.3. во делот „Поблиски критериуми и Висината на директни плаќања" во алинејата 2 точката на крајот на реченица се брише и се додаваат зборовите „и оствареното производство да е предадено во преработувачки капацитети или преработено во сопствениот преработувачки капацитет, а запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.".

По подмерката 1.17. се додаваат две нови подмерки 1.18 и 1.19 кои гласат:

| | | |
|---|---|---|
| 1.18. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за оризова арпа предадено во регистрирани капацитети за откуп | -Корисници на оваа подмерка се членови или носители на земјоделски стопанства кои во производната 2021 година имаат засеани површини со ориз и се корисници на подмерката 1.1. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година, а оствареното производство да е предадено во регистрирани капацитети за откуп, запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи во период од 16 декември 2021 година до 30 јуни 2022 година.<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3 денари по килограм. |
| 1.19. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.7 за јаболка предадени во преработувачки | -Корисници на оваа подмерка се членови или носители на земјоделски стопанства кои во производната 2021 година имаат засадени површини со јаболко и се корисници на подмерката 1.7 од Програмата за финансиска поддршка во |

| | | |
|---|---|---|
| | капацитети | земјоделството за 2021 година, а оствареното производство на јаболко да е предадено во преработувачки капацитети за јаболко директно или преку еден регистриран откупувач или преработено во сопствениот преработувачки капацитет, а запишани во Регистерот на откупувачи на земјоделски производи за период од 16 декември 2021 година до 30 јуни 2022 година.<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3 денари по килограм. |

„

Во ставот (3) во табелата по подмерката 2.19. се додава нова подмерка 2.20. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 2.20. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.12. за женски приплодни грла маторици кои се одгледуваат во одгледувалишта кои ги исполнуваат условите за биосигурност. | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства корисници на подмерката 2.12. на оваа уредба и ги исполнуваат условите за биосигурност од низок и среден ризик согласно Регистарот на одгледувалишта по категорија во кои одгледувалиштата се класифицирани според степенот на ризик, кој се води во Агенцијата за храна и ветеринарство.<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари по грло-маторица. |

“.

Член 2

Во членот 3 во ставот (7) по бројот 2.18. сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по бројот „2.19.“ се додаваат зборовите: „и 2.20.“.

Во ставот (13) точката 2 се брише.

Точките 3 и 4 стануваат 2 и 3.

Член 3

Во членот 4 во точката 1. по бројот 2.18. сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по бројот „2.19.“ се додаваат зборовите: „и 2.20.“.

По точката 5. се додава нова точка 6. која гласи:

„За подмерките 1.18 и 1.19. од членот 2 став (2) од оваа уредба, краен рок за поднесување на барањата е до 1 јули 2022 година.“.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3835/1
17мај2022година
Скопје

Претседател на Владата
наРепубликаСевернаМакедонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.